Научна фондација СПИРОСКИ, Скопје, Република Северна Македонија
Македонско медицинско електронско списание. 2025 Ное 20; 5:15-16.
https://doi.org/10.3889/mmej.2025.6578
eISSN: 1857-9809
Категорија: *МИТ-ФДМ2025 - „МЕЃУ ПРАКСАТА И НАУКАТА“*
Секција: *Стоматологија*



OPEN ACCESS

Автографт: трансплантат од сврзно ткиво и слободен гингивален трансплантат во пародонталната и имплантната хирургија

Жаклина Менчева[1,2*]

[1]ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон“, Клиника за орална хирургија и имплантологија - Скопје, РС Македонија; [2]Факултет за дентална медицина, МИТ Универзитет, Скопје, РС Македонија

Уредено: Славица Христоманова-Митковска
Цитирање: Менчева Ж. Автографт: трансплантат од сврзно ткиво и слободен гингивален трансплантат во пародонталната и имплантната хирургија. Македонско медицинско електронско списание. 2025 Ное 20; 5:15-16. https://doi.org/10.3889/mmej.2025.6578
Клучни зборови: автографт; сврзноткивен графт (CTG); слободен гингивален графт (FGG); коронарно поместен флап (CAF); латерално поместен флап (LPF); тунел техника: имплантна хирургија
***Кореспонденција:** Жаклина Менчева, ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон“, Клиника за орална хирургија и имплантологија - Скопје, РС Македонија; Факултет за дентална медицина, МИТ Универзитет, Скопје, РС Македонија. E-mail: zhaklina.mencheva@dm.edu.mk
Примено: 01-Окт-2025
Ревидирано: 10-Ное-2025
Прифатено: 14-Ное-2025
Печатарски права: © 2025 Жаклина Менчева.
Лиценца: Овој труд е со отворен пристап дистрибуиран под условите на Creative Commons Attribution-NonCommercial 4.0 International License (CC BY-NC 4.0)
Финансирање: Ова истражување нема финансиска поддршка
Конкурентски интереси: Авторите изјавуваат дека немаат конкурентски интереси

Извадок

Вовед: Работилницата е дизајнирана да обезбеди цврста теоретска и практична основа за препознавање, планирање и хируршко третирање на гингивалната рецесија како дел од современата пародонтална хирургија. Се разгледуваат етиопатогенезата и класификацијата на гингивалните рецесии според Miller, како и клиничката важност на гингивалниот биотип и присуството на кератинизирана гингива, особено при имплантна терапија и пародонтални дефекти.

Теоретски дел: Во теоретскиот дел се разгледува значењето на гингивалниот биотип и неговото влијание врз прогнозата и стабилноста на третманот. Детално се анализираат анатомските аспекти при земање слободен гингивален графт (FGG) и сврзноткивен графт (CTG), со акцент на релацијата со a. palatina и хируршките безбедносни параметри. Дополнително, се обработуваат принципите на мекоткивна аугментација во фронталната мандибула и се презентираат индикациите и оперативните протоколи за коронарно поместен флап (CAF), латерално поместен флап (LPF), тунел техника и VISTA-тунел техника. Се дискутираат потенцијални интра- и постоперативни компликации и стратегиите за нивно превенирање. Теоретскиот дел вклучува и демонстрација на техники за земање и апликација на автологни графтови, како и на напредни сутурални техники, меѓу кои двојна W-сутура и Sling-сутура, со цел обезбедување оптимална стабилност, интеграција и естетски резултат. Завршно се прикажуваат клинички случаи со анализа на изборот на техника, протоколот на третман и постигнатите резултати.

Практичен дел: Практичниот дел е структуриран во два последователни сегменти. Прво, на модел од модри домати се усовршуваат техники за земање FGG и CTG, со акцент на прецизност и контрола при харвестирање. Потоа, стекнатите хируршки вештини се применуваат на анимални модели (свински или јагнешки вилици), вклучувајќи дизајнирање CAF, апликација на графт и изведување на соодветни сутурални техники на донор и реципиентното место.

Заклучок: Работилницата овозможува систематско стекнување на теоретски знаења и практични способности за хируршка корекција на гингивалните рецесии. Комбинацијата на автологни графт-техники и соодветна флап- и сутурална техника претставува клучен елемент за успешна регенеративна и естетска пародонтална терапија.

Autograft: Connective Tissue and Free Gingival Graft in Periodontal and Implant Surgery

Zhaklina Mencheva[1,2]*

[1]University Dental Clinical Center "St. Pantelejmon", Clinic for Oral Surgery and Implantology - Skopje, RN Macedonia; [2]Faculty of Dental Medicine, MIT University, Skopje, RN Macedonia

Edited by: Slavica Hristomanova-Mitkovska
Citation: Mencheva Z. Autograft: Connective Tissue and Free Gingival Graft in Periodontal and Implant Surgery. Maced Med Electr J. 2025 Nov 20; 5:15-16. https://doi.org/10.3889/mmej.2025.6578
Keywords: Autograft; Connective Tissue Graft (CTG); Free Gingival Graft (FGG); Coronally Advanced Flap (CAF); Laterally positioned flap (LPF); Tunnel technique; Implant Surgery
***Correspondence:** Zhaklina Mencheva, University Dental Clinical Center "St. Pantelejmon", Clinic for Oral Surgery and Implantology - Skopje, RN Macedonia; Faculty of Dental Medicine, MIT University, Skopje, RN Macedonia.
E-mail: zhaklina.mencheva@dm.edu.mk
Received: 01-Oct-2025
Revised: 10-Nov-2025
Accepted: 14-Nov-2025
Copyright: © 2025 Zhaklina Mencheva.
License: This is an open-access article distributed under the terms of the Creative Commons Attribution-NonCommercial 4.0 International License (CC BY-NC 4.0)
Funding: This research did not receive any financial support
Competing Interests: The authors have declared that no competing interests exist

Abstract

Introduction: The workshop aims to provide both theoretical and practical foundations for understanding and surgically managing gingival recession as part of contemporary periodontal surgery. Emphasis is placed on the etiology and classification of gingival recessions according to Miller, as well as the clinical significance of gingival biotype and keratinized gingiva, particularly in the context of implants and periodontal defects.

Theoretical Part: The theoretical part addresses the significance of the gingival biotype and its impact on treatment prognosis and stability. It provides a detailed analysis of the anatomical aspects involved in harvesting free gingival grafts (FGG) and connective tissue grafts (CTG), emphasizing the relationship with the palatine artery (a. palatina) and key surgical safety parameters. Additionally, the principles of soft tissue augmentation in the anterior mandible are discussed, along with the indications and surgical protocols for the Coronally Advanced Flap (CAF), Lateral Pedicle Flap (LPF), tunnel technique, and VISTA tunnel technique. Potential intra- and postoperative complications are examined, including strategies for their prevention. The theoretical part also includes demonstrations of techniques for harvesting and applying autologous grafts, as well as advanced suturing techniques, such as the double W-suture and Sling suture, aimed at ensuring optimal graft stability, integration, and aesthetic outcomes. Finally, clinical cases are presented with an analysis of technique selection, treatment protocols, and achieved results.

Practical Part: The practical part is structured in two consecutive segments. First, techniques for harvesting FGG and CTG are refined on a model made of tomatoes, with a focus on precision and control during harvesting. Then, the acquired surgical skills are applied on animal models (porcine or lamb jaws), including the design of CAF, graft application, and execution of appropriate suturing techniques on both the donor and recipient sites.

Conclusion: The workshop enables systematic acquisition of theoretical knowledge and practical skills for the surgical correction of gingival recessions. The combination of autologous grafting techniques with proper flap and suturing approaches represents a key component for successful regenerative and esthetic periodontal therapy.